# ПОЗДРАВЕН ГОВОР НА ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Д-Р ФИЛИП ПЕТРОВСКИ

Почитувана Екселенцијо господин Ѓорге Иванов, претседател на РМ,

Почитувана Екселенцијо господин Омур Шолендил, амбасадор на Република Турција

Почитувани гости од Република Турција,

Почитувани дами и господа,

Чест и задоволство ми е што сме присутни на овој меѓународен симпозиум, со кој уште еднаш ги потврдуваме и ги продлабочуваме пријателските релации на нашите две земји. Не е секојдневна можност на една заедничка тема да изложуваат трудови еминентни научници од Турција, Македонија, Бугарија и Полска.

Темата на симпозиумот „Стогодишнината од Првата светска војна, фронтот кај Чанаккале - нивните глобални последици“ и самиот настан се значајни од аспект на тоа што ги зближуваат како една целина државите на Балканот со заедничка историја.

Како научници секогаш треба да се стремиме да ги истакнуваме делата на предците и да не дозволиме да се заборават. Улогата на архивистите и на историчарите треба да се насочи кон објаснувањето и сфаќањето на процесите и случувањата низ историјата на народите, колку и да биле тие чувствителни.

Историските и добрососедските односи треба да се негуваат, а настани и соработка од ваков тип треба да имаме и понатаму, заеднички да ја градиме иднината на овие простори, да ги премостиме разликите и да им оставиме соодветно наследство на нашите деца.

На крај ве поканувам на отворањето на изложбата на Државниот архив на Република Македонија со наслов „Одбележување на стогодишнината од распарчувањето на Македонија и од Првата св. војна“ во 20 часот вечерва, во Иновативниот центар на T-home на плоштадот Македонија.

Благодарам